Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 19.11.2021

Денеска (19.11.2021) околу 02.20 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ј.(24) од с.Крушопек, скопско, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.11.2021 во 21.10 часот на наплатна рампа „Смоквица", полициски службеници од Полициската станица за граничен премин Богородица го лишиле од слобода Ф.А.(31) од Скопје. При контрола во возило „фолксваген венто", со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени три лица – мигранти од Куба - Д.Х.А.А.(31), М.Р.Ј.А.(25) и И.Ц.В.А.(27). Лицата биле предадени во полициска станица за понатамошна постапка. За случајот бил известен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.11.2021 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 71 прекршок, од кои 29 на подрачјето на Штип, 10 Делчево, 7 Кочани, 7 Пробиштип, 7 Виница, 6 Берово и 5 Свети Николе. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 24 други видови на прекршоци, од кои 18 за управување на возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 4 за некористење сигурносен појас и 1 за користење мобилен телефон.

На 18.11.2021 во 10.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Партизански одреди", патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Н.(56) од Скопје, удрило во пешакот Ј.Д.(64) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Ј.Д., констатирани во Градска општа болница „Св.Наум Охридски". Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Скопје.

На 18.11.2021 во 18.40 часот во СВР Скопје, И.С.(35) од Скопје пријавил дека на бул. „АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 18.11.2021 во 13.00 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на 16.11.2021 во 16.45 часот на пешачки премин на бул.„Гоце Делчев" во Прилеп, патничко возило „бмв", со прилепски регистарски ознаки, управувано од К.Ч.(71) од Прилеп, удрило во пешакот Д.Ѓ.(68) од Прилеп. Во несреќата, Д.Ѓ. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Прилеп.

Во текот на изминатото деноноќие (18.11/19.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 23 прекршоци.

На 18.11.2021 во 13.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Христијан Тодоровски Карпош", патничко возило „цитроен", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.А.(22) с.Сарај, скопско, удрило во три паркирани патнички возила - „пежо" и „форд фокус", двете со скопски регистарски ознаки, и „киа", со кумановски регистарски ознаки. Притоа, А.А. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 18.11.2021 во 14.15 часот во СВР Скопје, А.А.(33) од Скопје пријавил дека на ул.„Кеј 13 Ноември" бил каснат од куче скитник.

Денеска (19.11.2021), во раните утрински часови, врз основа на наредба издадена од Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, во координирана акција на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе - Сектор за криминалистички истраги, при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, во содејство со Одделот за специјални и посебни операции – Единица за брзо распоредување, Полициска станица за граничен надзор „Сопот" при Регионален центар за гранични работи „Север", на локации над селата Лојане и Ваксинце, во м.в.Топтел, над Кота Шорта, беа пронајдени 39 илегални мигранти од Блискиот Исток. По расчистување и документирање на случајот, во содејство со надлежниот Јавен обвинител за ГОКК, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.11.2021 по претходно издадена наредба за претрес на дом и други простории од страна на Судија на претходна постапка, полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи во координација со СВР Скопје - Единица за недозволена трговија со дрога и оружје извршија претрес во дом кај Н.Г. во с.Арачиново. При претресот била пронајдена муниција, и тоа куршуми со калибар 7,62мм и 7,9мм, која Н.Г., кој во моментот не бил дома, неовластено ја поседувал. По целосно документирање на случајот од страна на СВР Скопје до надлежното Јавно обвинителство ќе биде поднесена соодветна кривична пријава по чл.396 од Кривичниот законик.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против А.К.(27) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот", „неукажување помош на лице повредено во сообраќајна незгода" и „фалсификување исправа" и против Ш.Ј.(36) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено ккривично дело „фалсификување исправа". На 30.09.2021 на ул.„Шишка" во Кавадарци, првопријавениот, управувајќи патничко возило „југо", удрил во малолетен пешак и му нанел тешки телесни повреди, по што го оставил возилото и заминал. По преземени мерки било утврдено дека регистарските таблички не биле од неговото возило, односно второпријавениот му ги дал табличките од своето возило.

На 18.11.2021 во СВР Скопје било пријавено дека на 17.11.2021 полициски службеници ги пронашле М.А.(14) и Ч.С.(15), за кои на 12.11.2021 беше пријавено дека се оддалечиле од Јавна установа за згрижување деца.

На 18.11.2021 во 15.30 часот во Полициската станица Гостивар, 37-годишен жител на Гостивар пријавил дека бил измамен од И.А. од Тетово. Според пријавеното, тој по претходен договор на И.А. му дал пари на услуга, но тој не му ги вратил согласно договорот, со што сфатил дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Н.А.(70) од с.Велешта, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 24.09.2021, пријавениот фрлил цигара во нива обрасната со сува трева, при што настанал пожар во кој изгореле 5.000 бали сено, 20 дрвени маси, 80 дрвени столици, 20 тони жито, 20 дрвени оплати, машина за сечење железо и целосно изгорел кровот на штала.

На 17.11.2021 во 22.45 часот во СВР Битола, М.С.(42) од Битола пријавил дека на игралиштето во нас.Стрелиште неговиот малолетен син бил физички нападнат од Х.Н.. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.
СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.А (34), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба на електрична енергија". Во периодот од август 2020 година до 09.07.2021 пријавениот неовластено преземал неограничена количина на електрична енергија од мерното броило на еден корисник.
На 19.11.2021 во 10.00 часот во СВР Тетово, 29-годишен жител на гостиварско село пријавил дека бил измамен од А.И. од Тетово. Според пријавеното, на 17.11.2021 во 09.00 часот со А.И. од Тетово се договориле да го продаде неговото возило, по што на пријавителот за услуга му биле побарани пари кои тој ги дал. Како што е пријавено, кога пристигнал во Тетово на договореното место за да го продаде возилото, не нашол никого, по што сфатил дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.11.2021 околу 15.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Мице Козар" малолетник од Скопје бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против М.Р.(25) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 15.08.2021 полициски службеници извршиле контрола и не го пронашле пријавениот во својот дом и покрај тоа што имал решение за изолација во домашни услови издадено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

На 18.11.2021 во 10.45 часот во СВР Куманово - Полициско одделение Матејче, Б.З.(35) од с.Гошинце, општина Липково, пријавил дека О.О.(48) од с.Матејче, општина Липково, физички го нападнал Х.З., нанесувајќи му повреда со остар предмет. Во врска со случајот, О.О. пријавил дека на пат во селото бил физички нападнат од Х.З. и уште неколку други лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.11.2021 во 14.00 часот во СВР Скопје В.С.(50) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот син М.С.(23) од Скопје, кој според пријавителката можно е да престојува на подрачјето на Охрид. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 18.11.2021 во 20.45 часот во СВР Скопје, И.М.(41) од Скопје пријавила дека на бул. „Александар Македонски" била касната од куче скитник.

На 18.11.2021 во 22.00 часот во Тетово, полициски службници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ј.Ш.(20) од Косово, затоа што по извршена проверка било констатирано дека има нерегулиран и непријавен престој во државата. Лицето е предадено на полициски службеници Одделение за прекугарничен криминал, миграции, странци и реадмисија Тетово за понатамошна постапка.

На 18.11.2021 во 13.00 часот во струмичко село, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода М.К.(53), затоа што во 12.45 часот ја допирал по телото неговата 41-годишна сожителка, со чие семејство бил во роднинска врска. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.11.2021 во СВР Тетово, Р.Ј.(75) од Тетово пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот брат З.Ј.(69) од Тетово. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.М (20) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 25.10.2021 на ул.„Борис Кидрич", пријавениот се обидел да удри полициски службеници со патничко возило „пасат", кое го управувал.

На 18.11.2021 во 20.00 часот во СВР Скопје, Т.С.(42) од с. Црешево, скопско, пријавил дека на ул.„Методија Андонов Ченто" бил каснат од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет